Гадинки



# Убоди од инсекти

## Важни работи

- **Повеќето убоди од инсекти се случуваат на изложените делови од телото, како што се лицето или рацете**
- **Понекогаш може да настанат повеќе убоди од инсекти на телото, кога некој инсект се вовлекол под облеката**
- **Топлината го прави јадежот полош**
- **Ладењето на местото со студена, влажна крпа за лице може да помогне**
- **Антихистамински кремови може да помогнат, но внимавајте да не се јави алергија**
- **Ноќе може да помогне антихистамински сируп**
- **Ако кожата е оштетена од чешање, користете антисептици за да спречите појава на инфекција**

## Што се тие?

Убодите од инсекти се локален одговор на кожата на токсините (отровите) што во кожата ги навлегле од разнородни инсекти. Тие се многу чести, а некои деца се почувствителни од други. Инсектите нанесуваат еден или повеќе мали убоди што остануваат по неколку дена на кожата во вид на брунчиња што чешаат. Понекогаш може да прераснат во плик, особено на нозете.

## Каде се случуваат?

Повеќето убоди од инсекти се случуваат на изложените делови од телото, каде што инсектите можат да допрат до кожата. Понекогаш повеќе убоди од инсекти може да се јават на телото, ако инсектот се вовлекол под облеката.

Понекогаш кај детето може да се јави алергиска реакција на убодот од инсект. Може да се јават гроздови од дамки што личат на убоди од инсекти, но доста далеку од местото каде што бил нанесен убодот. На пример, убодот од инсект на ногата може да доведе до појава на дамки на телото и на рацете. Со текот на времето алергијата обично се смирува, но може пак да избувне ако истиот инсект пак го касне детето.

## Како се лекуваат?

Главната одлика на убодите од инсекти е јадежот. Тој станува посилен ако е изложен на топлина. Ладењето на местото со студена влажна крпа за лице може да помогне. На некои деца им годи ако на кожата се нанесе каламински лосион или друг производ за ладење.

Понекогаш се користат антихистамински кремови, но тие може да предизвикаат алергиски дерматитис. Ако почне да се појавува осип на

местото каде што кремот бил нанесен на кожата, веднаш треба да се прекине со употребата на кремот. Понекогаш користењето на антихистамински сирупи по препорака од семејниот лекар може да помогне ако јадежот е многу силен и го буди детето ноќе.

Постои опасност од бактериска инфекција на местото на убодот од инсект ако поради претерано чешање од кожата на тоа место се јавува течен исцедок или се создава краста. Во таков случај, може да биде неопходно да се користат антисептици за да се спречи инфекција.

Повеќето убоди од инсекти се смируваат за неколку дена. Ако брунчето и јадежот не поминуваат, или се јавуваат уште брунчиња, може ќе морате да побарате совет од лекар дали тие брунчиња ги предизвикува нешто друго, а не убод од инсект.

**Натамошни информации**
Вашата медицинска сестра за здравјето на мајките и децата.
Вашиот аптекар.
Вашиот семеен лекар.

© 2002, Department of Dermatology, St. Vincent’s Hospital Melbourne, Victoria Parade, Fitzroy, Victoria 3065 Australia.